РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-1042/2
29-04-2026 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 31-та седница одржана на 22.04.2026 година ја донесе следната

**ОДЛУКА**

Постапката по предметот број 12-2873/1 од 08.11.2024 година, оформен по пријава со наводи против директорот на ---- - - -- ------------------ -------------, поради сомневање за незаконитости во спроведена постапка за јавна набавка на услуги за Општински превоз на патници во внатрешниот сообраќај – превоз на деца за учебната 2024/2025 година, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување за предметниот случај.

Пријавата да се достави на надлежно постапување на Управата за финансиска полиција .

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**Образложение**

Од страна на познат подносител, на ден 08.11.2024 година, поднесена е пријава со наводи против лицето -------- ---------, вршител на должност директор во ---- - - -- ------------------ -------------, поради сомневање за незаконитости во спроведена постапка за јавна набавка на услуги за Општински превоз на патници во внатрешниот сообраќај – превоз на деца за учебата 2024/2025 година, при што оформен е предмет број 12-2873/1 од 08.11.2024 година.
Во пријавата наведено е дека пријавеното лице донело одлука за избор на економски оператор спротивна од предлогот на Комисијата за спроведување на јавната набавка со што постапило спротивно на одредбите од Законот за јавни набавки.
Во насока на утврдување на фактичката состојба по оформениот предмет, ДКСК се обрати до ---- - - -- ------------------ ------------- и побара да се достави целокупната документација за спроведената предметна јавна набавка. Исто така извршени се проверки во ЕСЈН по однос на предметната јавна набавка.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Во законски предвидениот рок доставен е одговор со прилог документација и по разгледување на целокупната документација по предметот, ДКСК го констатира следното:

Во конкретниот случај станува збор за постапка за јавна набавка на услуги за Општински превоз на патници во внатрешниот сообраќај – превоз на деца за учебната 2024/2025 година, во која на ден 24.10.2024 година бил склучен Договор за превоз на редовни ученици во ------ во ------------ за период од 18.10.2024 до 31.12.2024 година.

Кон пријавата е доставен Предлог на Комисијата за јавна набавка на превоз од 23.09.24 година со број 02-1286/1.

Од прибраните податоци произлегува дека во предметната постапка за јавна набавка за превоз на ученици не бил земен предвид предлогот на Комисијата за јавни набавки, туку директорите на училиштата донеле одлуки за избор на превозници спротивно на предлогот на Комисијата. Согласно наводите во предметот, ваквите одлуки биле донесени врз основа на дописи доставени од Општина ---------- и од Секторот за комунални дејности, заштита на животната средина и природа при Општина ----------, кои се однесуваат на проблематични лиценци на овластени превозници на територијата на општината.

Имајќи предвид дека од расположливата документација не може со сигурност да се утврди целокупниот тек на постапката на одлучување, ниту пак правниот основ врз кој се темелеле донесените одлуки, како и фактот што истите се донесени спротивно на предлогот на Комисијата за јавни набавки, ДКСК оцени дека постојат индиции кои упатуваат на можни неправилности во спроведувањето на постапката за јавна набавка. Бидејќи, во конкретниот случај се изразува сомневање за евентуално сторени противзаконити дејствија и можни повреди на прописите од областа на јавните набавки и финансиското работење, чие утврдување и понатамошно процесуирање е во надлежност на Управата за финансиска полиција.

Со оглед на погоре констатираното, ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување за предметниот случај и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Претседател**

**Адем Чучуљ**

Изработил: П.Б., советник
Контролирал Ј.Ц раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил: З.Б.,член на ДКСК

Доставено до: Подносителот на пријавата

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија